**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-535**
**30.11 2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), во врска со член 52 од истиот Закон, член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.185/14), а согласно член 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради необјавување на правилата при емитување на квизови или различни облици на наградно учествување на гледачите, на начин пропишан од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – опомена

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и на член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.185/14), а казнива по член 148 став 1 точка 6 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, не беа објавени правилата за учество во емисијата „Возење со Вучиќ", жанровска комбинација од квиз и од игра со наградно учествување, емитувана во периодот од 02:48:55 (прва реприза) до 03:37:25 часот; во периодот од 10:55:41 (втора реприза) до 11:44:09 часот и во периодот од 17:57:33 (премиера) до 18:44:56 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Во член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пропишано е дека давателот на аудиовизуелни медиумски услуги при емитување на квизови или други различни облици на наградно учествување на гледачите е должен да обезбеди недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда, на начин пропишан од страна на Агенцијата.

Согласно член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, за емитувањето програми со наградно учествување е должен да усвои правила што ги објавува на својата веб страница и за кои ја информира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 23 ноември 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Имено, со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, не беа објавени правилата за учество во емисијата „Возење со Вучиќ", жанровска комбинација од квиз и од игра со наградно учествување, емитувана во периодот од 02:48:55 (прва реприза) до 03:37:25 часот; во периодот од 10:55:41 (втора реприза) до 11:44:09 часот и во периодот од 17:57:33 (премиера) до 18:44:56 часот, односно, ниту водителот ниту радиодифузерот, како уредувачки одговорен за емитувањето на емисијата, на својата веб-страница не ги објавија задолжителните информации во врска со правилата за учество во квизот/играта со наградно учество.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 52 од истиот Закон, член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, а согласно член 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.11.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5099 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 ноември 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 ноември 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања** на членот 52 (*обврски при обезбедување квизови и други облици наградно учествување*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), и на членот 3 („*Правила за организирање програми со наградно учествување*") од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Во долупосочените анализирани изданија (репризи и премиера) на „Возење со Вучиќ", емисија организирана како жанровска комбинација од квиз и од игра со наградно учество, не се објавени - правилата за ваков вид емисии, што е спротивно на членот 52 од ЗААВМУ и на членот 3 од Правилникот („*Правила за организирање програми со наградно учествување*"). Односно, ниту водителот не ги спомена/опиша основните, функционални информации од правилата за учество и за играње, ниту, пак, радиодифузерот, како уредувачки одговорен за емитувањето на емисијата, на својата веб-страница не ги објави деталните правила за организирање програми со наградно учествување.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „Возење со Вучиќ", квиз / игра со наградно учество; | 02:48:55 (прва реприза) | 03:37:25 | *Спротивно на членот 52 од ЗААВМУ, и на членот 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност - ниту водителот ниту радиодифузерот не ги објавија задолжителните информации во врска со правилата за учество во квизот / играта со наградно учество.* |
| | 10:55:41 (втора реприза) | 11:44:09 | |
| | 17:57:33 (премиера) | 18:44:56 | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 3 од Правилникот** за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, не беа објавени задолжителните информации за правилата за учество во емисијата „Возење со Вучиќ", жанровска комбинација од квиз и игра со наградно учествување.

9. Предлог мерка: /

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со одредбите од членот 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*